ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk www.makedonskakamenica.gov.mk

Број 09-254/1
30. 01. 2025

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ДРУГИ ФОРМИ НА ЗДРУЖУВАЊЕ - КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА 2024 ГОДИНА

Општина Македонска Каменица ги известува невладините организации, здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, како и други форми на здружување - корисници на средства од Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2024 година, дека треба да достават финансиски извештај за искористените средства кој ќе ги содржи неколку задолжителни делови:

Наративен дел

- Во наративниот дел корисниците на средства потребно е да ги опишат реализираните активности и проекти, учества во општински, регионални и национални лиги, државни и меѓународни турнири, остварените спортски резултати, бројот на членови во клубот, заеднички проекти со Општина Македонска Каменица и слично.

Финансиски дел

- Финансискиот дел треба да содржи детален приказ за потрошени средства поткрепен со соодветна документација.

Извештајот може да се достави до Архива (соба бр.1) на Општина Македонска Каменица најдоцна до **04 февруари 2025 година** или на е-адресата на Општина Македонска Каменица: **opstina@makedonskakamenica.gov.mk.**

Поднесениот извештај на корисниците на општинските буџетски средства е услов за користење на средства Буџетот на Општина Македонска за 2025 година.

Со почит,

Општина Македонска Каменица
Градоначалник,
Димчо Атанасовски

Раководител на Одделение за правни
и општи работи и јавни дејности
Анета Темчева